# АВРАМОВА

ИЗЛОЖБА НА СКУЛПТУРИ

БОРКА АВРАМОВА

14. — 27. VI 1970.



Блескавите традиции на Македонците во живописот и архитектурата на сите им се познати, но секој искрен љубител на овие уметности ќе го интересираат како и на кој начин ќе се исполи она наследство во ликовното творештво кое го влече своето потекло од архајските тореути и цизелери од Требениште, па преку портретистите од Хераклеја Линкестис до авторите на величаствената фигура на Свети Климент Охридски од XIII век. Познато е дека византиските навики, непријателски расположени кон пластиката, го свртиле развојот на народниот гениј во правец на дуборез, па копаничарите го продолжиле она што со толку дар и слава го започнале нивните предходници од стариот и средниот век. Требаше доста долго да се чека на соответни услови па, по сликарите и графичарите, повторно да се јават вистински, автентични македонски скулптори, достојни на огромното културно наследство на оваа класична област на ликовното творење. Времето на исчекување не мора секогаш да биде изгубено, зашто креативните импулси, натрупувани со времето и традицијата, можат да се исполат во еден еруптивен облик. Тоа и навистина се случи, и оној што го следи развојот на современата македонска уметност, мора да согледа еден полет достоен за воодушевување и една длабочина на творечка љубопитност која е достојна на своите класични извори. Ние го имавме задоволството да го следиме развојот на еден таков уметник, вајарот Борка Аврамова, уште од нејзината прва самостојна изложба, 1954 година, на која ги покажа сите убави одлики на својот сериозен и за почитување достоен дар. Слично на Ивана Кобилица во словеначката и Надежда Петровиќ во српската уметност, таа веќе на својот прв настап покажа задивувачка сила на изразот и пробивен скулптурски темперамент. Не на прв поглед, зашто, пробивајќи се низ замрсениот сплет на современите стилски и тематски сфаќања, и втисна печат на својата моделација и својата материја со еден фин, мошне чувствителен и поетичен начин на профилација, отстапувајќи од објективниот свет само толку колку што тоа отстапување бараше еден одреден и логичен стилски континуитет. Па сепак, нејзината сензибилност, развивајќи се во правец на апстрахирање на формата и стегнување на волуменот, умееше во битот на постапката, во основата на стилската конструкција, да ја открие онаа внатрешна рамнотежа на материјата и оној суштествен напон

на структурата кој на нејзината скулптура ќе и обезбеди трајност на инспирацијата и автентична сила на изразот. Вонредна како портретист, таа, и покрај мошне редуцираните пластични елементи, се исполува како фин, префинет психолог, но затоа во своите фигурални композиции до крајност цврста и стегната, одминувајќи безмалку до рудиментарни облици и површини. Ваквиот начин на профилација, и ваквото изградување на волуменот внатре во самата маса, споени со чисто чувство за стил, му го обезбедуваат на нејзиниот опус она неопходно присуство на монументалност, без што нема вистинска скулптура, без оглед на нејзините димензии и нејзината намена. Од тие причини пластиката на Борка Аврамова е секогаш на некој начин функционална, во естетска смисла исто колку и по виталноста со кое зрачи нејзиното творештво, конечно, и мајсторски дефинирано во просторот и материјата. Не помалку и по автентичноста, зашто било каде да создава или изложува Борка Аврамова, нејзината уметност секогаш ќе биде одраз на големиот завет од татковината на Света Софија, Нерези и охридските икони.

*Д-р Миодраг Коларић*

## БИОГРАФИЈА

1924. родена во Тетово
1944. завршува Гимназија во Скопје
1948. завршува Уметничка школа во Скопје
1953. дипломира на Академија за ликовни уметности во Загреб, во класата на проф. Франо Кршиниќ
1954. Приредува Прва самостојна изложба (Скопје)
1955. учествува на Биенале на медитерански земји во Александрија
1956. учествува во југословенската екипа на Александриското биенале, на изложбите во Милано и Риека
1956. студиски престој во Италија
1958. суделува на „Меѓународната изложба на графика и скулптура" во Carrara
1959—60. студиски престој во Париз (стипендиста на Фонд „Моша Пијаде")
1960—63 соработник во Државната мајсторска работилница на проф. Франо Кршиниќ
1961. изведува споменик на народна-ослободителната борба „Победа", во Тетово
1961. приредува Втора самостојна изложба, Загреб
1962. приредува изложба во Сплит
1963—64 учествува на изложбите „Слики и скулптури на ликовни уметници од Хрватска дарувани на Скопје", во Загреб и Скопје
1964. приредува изложба во Загреб
1964. учествува на II триенале во Белград
1965. приредува Трета самостојна изложба во Милано (Galleria Monte napoleone)
1965. Учествува на изложбата „Scultura nella casa" во Милано
1965. приредува Четврта самостојна изложба во Белград
1965. суделува на изложбата „Подарени дела 26. јули 1963 — 26. јули 1965" во Скопје
1966. приредува изложба во Сплит и Задар
1966. учествува на изложбата „НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија" во Белград
1967. приредува изложба во Риека
1967. учествува на изложбата „Југословенскиот портрет" во Тузла
1968. учествува на меѓународната изложба на скулптура во отворен простор на Фондацијата Пагани во Легнано
1970. учествува на „Загребачкиот салон"
1970. учествува на изложба „Ликовна средба" во Суботица

До 1960 година., како член на ДЛУМ учествува на сите изложби на Друштвото на ликовните уметници во Скопје, на изложбите на ДЛУМ во главните градови на другите републики како и на неколку Сојузни изложби.

Од 1960 година делува во Загреб и како член на УЛУХ учествува на изложбите што ги приредува Здружението на ликовни уметници од Хрватска во Загреб и главните градови на другите републики.

Живее и делува во Загреб
Трнско 13.В I (стан)
Франкопанска 20. (атеље)

„Аврамова сакала да воспостави контакт меѓу својата скулптура и публиката и таа во тоа успеала, — контакт во кој доменот на уметноста ги ангажира и нашите чуства и нашиот разум".

Димче Коцо, „Нова Македонија" — Скопје, октомври 1954.

„Борка Аврамова, један снажан и утанчан скулптор, који уме, кад је потребно, да буде и бурделовски прецизан и носталгичан у духу старе индијске и малоазијске скулптуре"

Миодраг Коларић, „Савремена југословенска скулптура" — едиција Београд

„Borka Avramova je rano osjetila tu realnost, taj kiparski, umejtnički imperativ, bez kojeg se ne može zamisliti postanak umjetnosti jednog naroda".

Šime Vučetić „Književna tribina" — Zagreb, maj 1960.

„S razvijenim smislom za red što je kod Avramove uočljivo podjednako u postavljanju problema kao i u obradi skulpturske mase, ova je kiparica metodom redukcije došla pred sama vrata apstrakcije a da nije morala nasilno kidati s prošlošću i upustiti se u pustolovinu nesigurnog ishoda".

Josip Depolo „Vjesnik" — Zagreb, maj 1962.

„Razvoj njene forme kretao se od realistički shvaćenog i samo mjestimično ekspresionistički akcentuiranog volumena prema njegovoj postepenoj sintezi do najnovijih oslobodenih apstraktnih oblika".

Žarko Domljan, „15 Dana" — Zagreb, juni 1962.

„Borka Avramova stvara pred nama već nekoliko godina sve cjelovitija djela. Bez patosa i trganja raste i oblikuje se na tom njenom stvaralaškom putu njena suzdžljiva skulptura. Prožeta osječajnošću i unutrašnjim grčem, oblikovana jasnoćom opažanja sažimlje se u sve čvršće i odlučnije oblike, u zaokruženu izražajnu cjelinu iz koje danomice izbija novi, puni i trajni umjetnički doživljaj".

Cvito Fisković, uz pozdravnog govora održanog na otvaranju izložbe u Splitu (novembar 1962)

„U razvoju naše plastike ovih posljednjih godina među radovima naše najnovije generacije radovi Borke Avramove predstavljaju sigurno jedan od najdubljih prodora u unutrašnji red i zakone same plastičke materije, i to njihovim neposrednim uočavanjem (putem spontane i vidovite eliminacije kasnije nadošlih planova) u času kad oni, na poziv riječi koja oživljuje, oštro zarezani u tvari i zajedno s njome, počinju da izbijaju iz amorfnog i inertnog".

Vladimir Rismondo, „Mogućnosti" — Split, januar 1963.

„Ovo djelo (MENADA, 1964) nedvoumno već derivira iz duha antikne skulpture, ali to nije klasična smirenost i uravnotežena ljepota Fidije i Praksitela, dramatičnost i energija četvrtog stoljeća, ekstaza tijela uzbudene epiderme, snažnih, plodnih oblika uraslih u tlo na kome su izrasli".

Željko Sabol, „Polet" — Zagreb, septembar 1965.

„Mislim, da je karakteristično za Avramovu što je njezina skulptura s jedne strane suvremena u svojim čistim plastičnim oblicima koji organski rastu u odnosima jasnih volumena, a s druge vezana sa tlom iz koga je nikla. Njezini raniji likovi brdjana i njene sadašnje Menade, njene skulpturske asocijacije" Na drevnu temu"

ili njene plastičke evokacije „ranjenoga grada“ izviru, makar izražene plastičkim govorom današnjice, iz jednog terena bremenitog davnim kulturama i tragičnim historičkim zbivanjima“.
Kruno Prijatelj, uz pozdravnog govora održanog na otvorenju izložbe u Splitu („Galerija umjetnima“ — Split 1966.)

„U centru pažnje skulptorice sada više nije samo redukcija forme radi postizanja ritma na površini, već unutrašnji pokret skulpture, mnogoznačan i složen u svom oblikovnom i emocionalnom sadržaju“.

Vladimir Maleković, „Vjesnik“ — Zagreb, oktobar 1964.

„Ta kiparica izgradene i dosljedne formalne dikcije, u reduciranim, sklopljenim oblicima sabire suštinsku vrijednost plastičnog volumena. Tačno su odvagnute opisne sabirne funkcije linija, odmjeren je slijed i odnos među masama, održan kontinuum formi“.

Vanda Ekl, „Vjesnik“ — Zagreb, februar 1967.

„La scultrice Avramova. Un temperamento caratterizzato dalla sintesi e dalla monumentalita che trovano accenti di forza primordiale nelle teste bloccate con vigoria rupestre. Notata alla mostra internazionale di Carrara per questo aspetto peculiare dell arte sua ora espone anche temi religiosi che pigliano spunto della armatura dei crociati e figurette tutte avolte da una carezza che opera la logorazione della luce la quale ammorbidisce la scansione dei pianti senza sminuire la forza strutturale“.

Alfredo Coccia, „L'Italia“ — Milano, april 1965.

„Le sue opere, vigorosamente plastiche, tendono ad avvicinarsi ad una composta interpretazione classica“.

A. N., „L'unita“ — Milano, maj 1965

# КАТАЛОГ

1. ПЛАНИНЕЦ 1954 (бронза)
2. ПЛАНИНЕЦ II (1962) (теракота)

Фоторепродукции:

РАНЕТ ПЛАНИНЕЦ (гипс) — изложувано на Меѓународната изложба на графика и скулптура во Карара, 1958

ГЛАВА НА ДЕВОЈКА 1954 (гипс)

3. ПОРТРЕТ на С. ЈАНЕВСКИ" 1958 (бронза)
4. ПОРТРЕТ на А. ШОПОВ 1959 (гипс)
5. ПОРТРЕТ на Д. Г." 1962 (гипс)
6. ПОСТУМНИ ПОРТРЕТ 1963 (гипс)
7. ПОРТРЕТ на Др Љ. Ч. 1970 (гипс)
8. ЕДНА 1967 (гипс)
9. ПОРТРЕТ на Др. Б. Н. 1970 (бронза)

Фоторепродукции:

ПОРТРЕТ на С. Вучетиќ 1964 (гипс)

ПОРТРЕТ на Д. Иванишевиќ 1965 (гипс)

ПОРТРЕТ НА ДЕВОЈЧЕ" 1957 (гипс) — уништено во потресот во Скопје

10. БИЗОН КОЈ ЛЕЖИ 1962 (бронза) — изложувано на Меѓународната изложба на скулптура на отворен простор во Логнано, 1968
11. БИЗОН ШТО СЕ ЧЕША 1962 (гипс)
12. МУГЕНТЕ 1963 (гипс)
13. МУГЕНТЕ" 1962 (мала бронза)
14. БИЗОН ШТО СЕ ЧЕША 1962 (мала бронза)
15. КОМПОЗИЦИЈА1964 (гипс)
16. БИЗОН 1963 (теракота)

Цртежи со тема ,,Бизон" (од 1 до 10 — креда)

НА ДРЕВНА ТЕМА:

17. НАУМ 1958 (гипс)
18. ШТИТ 1964 (бронза)
19. МАЛ ШТИТ 1964 (гипс)
20. ШТИТОНОСЕЦ 1966 (бронза)
21. САМУИЛОВ ВОИН 1964 (гипс)
22. НА РАНЕТИОТ ГРАД 3 фигури — 1963 (теракота)
23. ПРЕКИНАТИ ИГРИ" 1963 (бронза) — Проект за споменик
24. ОПЛАКУВАЊЕ 1963 (теракота)
25. МЕНАДА 1964 (бронза)
26. ДЕВОЈКА 1966 (теракота)
27. ДЕВОЈКА II 1966 (теракота)
28. ДЕВОЈКА III 1966 (теракота)
29. ПОРТРЕТИ НА СОПРУЖНИЦИ 1966 (теракота)
30. МЕНАДИ 1968 (теракота и бронза)

Фоторепродукции:

Проект за споменик во Крушево



2

10



15







22

29





26

ПЕЧАТИ: ГРАФИЧКИ ЗАВОД „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ — СКОПЈЕ